
Трамп: Пред нас е ретка можност за мир меѓу Израел и Палестинците


„Талир“, „Траекторија“ и „Тревник“ нови предмети на СЈО


Локални избори во Хрватска: Бандиќ со мала предност за Загреб

АРХИВА | КОНТАКТ | РЕДАКЦИЈА | МАРКЕТИНГ | ПРЕТПЛАТА | период од-до 2006 - 2017

Почетна | ВЕСТИ | КУЛТУРА | СПОРТ | МАГАЗИН

MB 2,710.51 0.10 % OHB 4,743.27 1.33 % OKTA 2,600.00 0.04 % RZUS 112.00 1.35 % STB 953.20 -0.57 % STIL 88.00 -2.22 % TPLF 1,402.42 8.88 % UNI 1,359

ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ

Tweet | Follow @UtrinskiVesnik | Ми се допаѓа 0

04.05.2016, 14:39

# „ПОВТОРУВАЈЌИ ГО ПЕЈЗАЖОТ“ - ИЗЛОЖБА ВО „ЧИФТЕ АМАМ“



**Изложбата на хрватскиот тандем Дамир Жижиќ и Кристијан Кожул се отвора утре во 12 часот**

**Катерина Богоева**

„Recurring Landscapes“ – „Повторувајќи го пејзажот“ е насловот на изложбата на хрватските уметници, тандемот Дамир Жижиќ и Кристијан Кожул што утре во 12 часот ќе биде отворена во „Чифте амам“ во Националната галерија на Македонија.

Куратор на изложбата е Ана Франговска, а од страна на хрватскиот партнер, невладината организација „Номад“ од Загреб, кураторка е Вања Жанко. Двајцата уметници и кураторките вчера во амбиентот на стариот објект во кој делумно беа поставени делата посочија на низа важни моменти од изложбата која го истражува феноменот на подоброто претставување и генеричкото искуство, кои се од централно значење за трансформирање на менталниот приказ под влијание на глобалниот пазар и маркетинг-индустријата.

Кураторката Вања Жанко, која е раководител и основач на „Номад“, посочи дека работи со одредена група автори индивидуалци какви што се и Жижиќ и Кожул со кои соработува веќе четири години, а нив ги претстави како автори кои и пред заедничката работа од 2013 година имаат успешни самостојни кариери.

„Нивните дела се наоѓаат во колекцијата на Музејот на современата уметност во Загреб и во Музејот на модерната и современа уметност во Риека, како и

Електронско издание



ДЕНОТ НИЗ ФОТОГРАФИИ

НАЈНОВИ ВЕСТИ

- НЕЗАВИСНИОТ ПОЛИЦИСКИ СИНДИКАТ БАРА ОДГОВОРНОСТ И ОД ЧАВКОВ
- НЕДЕЛНА ПАУЗА ЗА ПАРТИСКИТЕ ПРЕГОВОРИ ЗА НОВА ВЛАДА
- ВАРДАРКИ ГО ОСВОИ РАКОМЕНТНИОТ КУП НА МАКЕДОНИЈА
- ИБРАХИМИ: ИДНАТА ВЛАДА ДА ГО ПРОДОЛЖИ БАЊСКИОТ ОДМОР ЗА ПЕНЗИОНЕРИТЕ
- ШЕСТА ПРЕМИЕРА НА " ГРЕТА ОД ФАУСТ" ВО БИТОЛСКИОТ ТЕАТАР

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

21° СКОПЈЕ ВРЕМЕ

Претежно облачно

| ПОН | ВТО | СРЕ | ЧЕТ | ПЕТ |
|---|---|---|---|---|
| 22 | 23 | 20 | 20 | 20 |
| САБ | НЕД | ПОН | ВТО | СРЕ |
| 20 | 22 | 22 | 25 | 26 |

овозможено од Yahoo! Weather

НАЈЧИТАНИ | НАЈКОМЕНТИРАНИ

- Кривични пријави за прилепскиот градоначалник Марјан Ристески и екс министерот Диме Спасов
- „Талир“, „Траекторија“ и „Тревник“ нови предмети на СЈО
- Малиот Павел се пробуди од вештачката кома

во приватната колекција на куќата 'Лауба'. Тие одлично се прифатени на жирирани изложби и годинава изложуваат на 51. Загрепски салон, но и на единствената изложба во Хрватска која ги наградува современите хрватски уметници со откуп за Музејот на современата уметност во Загреб , каде што се наградени во 2014 година", посочи таа.

„Ние не го сфаќаме пејзажот фигуративно, се разбира како некој географски феномен туку како когнитивен пејзаж кон кој ние партиципираме преку медиумите. Од една страна, имаме формирање на спомени како еден момент, а од другата страна е формирање на желбата. Евидентно е сега дека формирањето на искуството, односно меморијата повеќе се врзува за некаков феномен на современиот туризам за кој ние преку нашето медиумско искуство го надградуваме своето релевантно искуство. Во овој случај, ние градевме некакви ситуации во кои на симболичко ниво имавме места за кои се 'држиме' кои подоцна ги користиме за надградба на доживувањата на нашите одмори, односно какви било искуства земајќи содржина која е медиумски креирана за да го поткрепи нашето сопствено искуство", рече Дамир Жижиќ.

„Се занимаваме со методологијата на самите медиуми и на креирање на желбите за што најдобро сведочат делата кои се формирани низ директен медиумски јазик кој го користи каква било маркетиншка струка надвор од уметничката. Многу често сме сведоци дека медиумскиот и маркетиншки симболичен јазик произлегува од современата уметност, а исто така и се враќа во неа. Нам таа средишна точка меѓу маркетингот и современата уметност ни е појдовна точка и инспирација од која се обидуваме со ист јазик да зборуваме за други работи. Односно да се освrнеме како всушност функционира креирањето на нашата желба низ јазикот на медиумите. Без разлика дали се тоа медиуми за огласување, новинарски медиуми, телевизијата или филмот, нас н` интересираат тие системи, како се создава желбата и што е нејзиниот бекграунд , што всушност желбата проектира", рече меѓу другото Кристијан Кожул.

Уметниците потенцираа дека во своите дела презентирани на изложбата користат елементи од маркетиншката индустрија за да проговорат за нејзините повратни механизми. „Од маркетингот го земаме она што ни е интересно и го враќаме во галеријата. Маркетингот влијае есенцијално врз современата естетика, а дали ние ја менуваме или не, зависи од она што ни е дадено како првобитен материјал", посочи Кожул . (К.Б.)

Статијата е прочитана 513 пати.

Препорачај Биди прв од твоите пријатели кој би го препорачал ова.
Сподели

Испрати коментар

ОСТАНАТИ ВЕСТИ

(ФОТО) Гласност за новиот млад бран автори
Илина Арсова изложува во „Ко-Ра"

Deutsche Welle
Има ли опозиција во Србија?
СЈО: Груевски осомничен за перење пари и местење тендер за патишта
Прославени титулите во Минхен и Мадрид